РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
07 Су.бр.15/23-3
07.12.2023 година

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 6/2016, 198/2018, 248/2018, 235/2022) спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2023 на Основен суд Прилеп за кариерно унапредување на судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник за работно место - Виш судски соработник, Категорија В, ниво В 2, шифра СУД 01 01 В02 001, Судскиот администратор на Основен суд Прилеп, на ден 07.12.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за избор за кариерно унапредување

За работното место - Виш судски соработник, Категорија В, ниво В 2, шифра СУД 01 01 В02 001, се избира кандидатот:

- Душко Дабески

По конечноста на одлуката за избор, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување на судски службеник.

Образложение

По добиена согласност од Судскиот буџетски совет на РСМ бр.08-438/5 од 15.11.2023 година и Известувањето на Министерството за финансии бр.18-11748/2 од 13.11.2023 година, Основниот суд Прилеп објави интерен оглас бр.1/2023 за кариерно унапредување на 1 (еден) судски службеник во звање Виш судски соработник Категорија В, ниво В2, шифра СУД 01 01 В02 001.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување до Судскиот администратор на судот достави Предлог- одлука 07Су.бр.5/2023-3 од 06.12.2023 година за избор на кандидат за кариерно унапредување на судски службеник за работното место Виш судски соработник. Со предлог-одлуката се предлага избор на кандидатот Душко Дабески.

Согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведената законска одредба, како и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место со звање Виш судски соработник Категорија В, ниво В2, Судскиот администратор донесе одлука како во изреката.

Основен суд Прилеп на ден 07.12.2023 година.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Судски администратор,
Сашо Темелкоски

ПРАВНА ПОУКА**:**Против оваа Одлука незадоволниот судски службеник има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор преку Основен суд Прилеп до Советот на судска служба.